**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1057**
**Скопје, 1 јули 2013 година**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЕКОНОМСКО ПЛАНИРАЊЕ, АГРАРНА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВЕНО БОГАТСТВО И НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 0202-1934/3, донесена на седницата од 24.6.2013 година, определени сме за рецензенти за избор на наставник по предметот економско планирање. Врз основа на проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали (приложени научни и стручни трудови), Комисијата го поднесува до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс од страна на ректорот, по предлог на деканот на Економскиот факултет во Скопје, за избор на наставник по предметот економско планирање на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневниот весник „Дневник" на 14.6.2013 година, се пријави само кандидатот д-р Сашо Ќосев, досегашен вонреден професор по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев е роден на 24.8.1971 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје. По отслужувањето на воениот рок, студирал на Економскиот факултет во Скопје, на насоката економска политика и развој во периодот 1991-1995 година. Дипломирал во октомври 1995 година, со просечен успех од 8,81.

Во 1996 година кандидатот Сашо Ќосев се запишал на постдипломски (втор циклус) студии на Економскиот факултет во Скопје, на насоката економски развој со методи на економска анализа. Испитите ги положил со просечна оценка 9,10, а во март 2001 година го одбранил магистерскиот труд на тема: "Макроекономското планирање во развиените пазарни економии и во Република Македонија", со што се стекнал со академски степен - магистер на економски науки од областа на економскиот развој со методи на економската анализа.

Во јуни 2003 година, на Економскиот факултет во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов: "Примена на матрицата на општествени сметки, со посебен осврт на Република Македонија", со што се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

Во периодот 1.3.1996-31.3.1998 работел како технички секретар на проектот "Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија" во Македонската академија на науките и уметностите, во соработка со United Nations Development Programme (УНДП) и The Vienna Institute for Comparative Economic Studies (WIIW).

Од 1.8.1997 до 31.3.1998 година бил ангажиран како домашен консултант за финансирање во здравството на проектот "Транзиција на здравствениот сектор во Република Македонија" од страна на Светската банка.

Во периодот 1.4.1998-30.8.1998 година бил вработен во Народна банка на Република Македонија како приправник - помлад истражувач во Дирекцијата за истражување.

На 1.9.1998 година бил избран за помлад асистент по предметот економско планирање на Економскиот факултет во Скопје. По магистрирањето, во јули 2001 година бил избран за асистент на предметите економско планирање и економија на работна сила. По одбраната на неговата докторска дисертација, кандидатот во ноември 2003 година бил избран во звањето доцент по предметот економско планирање. Во септември 2008 година е избран во звањето вонреден професор по предметот економско планирање, а му се доверени и предметите аграрна политика и општествено богатство и национални сметки.

Кандидатот д-р Сашо Ќосев одлично зборува и се служи со стручна литература на англиски јазик, а на пониско ниво и со стручна литература на германски јазик.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност. Во периодот од неговиот избор за помлад асистент до денес, покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Притоа, особено внимание заслужуваат неговите ангажмани во изведувањето предавања и консултации по предметот економско планирање. Особено значајно е и неговото активно учество во организирањето и реализирањето на практиката, во рамките на наставата по предметот економско планирање, да се поканувaат предавачи – гости од соодветните институции во Република Македонија, кои директно или индиректно се вклучени во процесот на макроекономската анализа, планирањето и програмирањето на економскиот развој (Народна банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, Делегацијата на ЕУ во Скопје, Светска банка, и др.). Оваа практика тој продолжил да ја спроведува и по неговиот избор за наставник по предметот економско планирање. Исто така, од неговиот избор за вонреден професор, тој е активно вклучен и во изведувањето на наставата по предметите аграрна политика и општествено богатство и национални сметки, каде што соодветно ја применувал практиката да поканува гости-предавачи од соодветните институции во Република Македонија (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за економија, ИПАРД - агенцијата, Државниот завод за статистика и сл.). Тој, во секојдневните консултации и контакти со студентите, им нуди несебична помош при изработката на нивните семинарски и дипломски трудови, како и при подготвувањето на испитите, поради што е високо почитуван кај сите студенти. Проф. д-р Сашо Ќосев ги изведува мошне компетентно, совесно и ангажирано предавањата по сите три предмети, за што говорат и резултатите од анкетите на студентите во рамките на процесот на самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје. Во насока на иновирање на наставните програми и содржини по предметите економско планирање и аграрна политика, објави нов учебник по предметот економско планирање (во 2010 година) и интерна скрипта од предавања по предметот аграрна политика (во 2011 година). Тука, би сакале да го потенцираме фактот дека проф. д-р Сашо Ќосев е ангажиран и во изведувањето настава од предметите економско планирање и аграрна политика на дисперзираните студии во Струга на Економскиот факултет.

Д-р Сашо Ќосев е ангажиран и како член на тимот за изведување на наставата по предметите јавна администрација и јавна одговорност и локален економски развој на постдипломските (втор циклус) студии по *управување со јавниот сектор*. Д-р Сашо Ќосев е раководител на тимот за изведување настава од предметот економија на аграрниот сектор и член на тимот за изведување настава од предметот макроекономско моделирање, во рамки на студиската програма *економски науки* за трет циклус на студии при Економскиот факултет.

Проф. д-р Сашо Ќосев бил ментор на повеќе дипломски работи од сите три предмети за кои изведува настава. Тој, исто така, бил ментор на 3 докторски дисертации и член на 9 комисии за оцена и одбрана на докторска дисертација.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Сашо Ќосев, уште од своето вработување како помлад асистент, покажал забележителен интерес и резултати во научноистражувачката дејност. Резултатите од неговата научноистражувачка дејност се прикажани во рефератот за неговиот избор во звањето вонреден професор по економско планирање, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 946 од 15.VII 2008 година.

Изминатиот петгодишен период, по неговиот избор за вонреден професор, е одбележан со интензивна научноистражувачка дејност на кандидатот д-р Сашо Ќосев. Тој бил ангажиран во пишувањето и објавувањето книги, во реализација на неколку проекти, учества на домашни и меѓународни конференции, како и во пишување и објавување на статии. Во продолжение е даден систематски приказ на резултатите од неговата научноистражувачка дејност.

**Позитивно рецензирани учебници:**

1. **Економско планирање**, универзитетски учебник, Економски факултет, Скопје, 2010.

**Позитивно рецензирани интерни скрипти од предавања:**

2. **Аграрна политика**, интерна скрипта од предавања, Економски факултет, Скопје, 2010.

**Раководител на национален научен проект**

- Студија за можноста и оправданоста за основање Банка како правно лице, за вршење на банкарски активности (проект финансиран од ЗЕЛС за сопствени потреби), 2012-2013.

**Учесник во национален научен проект**

- "Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за ПОПс и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии", Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, 2011/2012.

**Учесник во меѓународен научен проект**

- "*Technical Assistance to the State Statistical Office*", Implementing consortium: ASA Institut für Sektoranalyse und Politikberatung GmbH, Federal Statistics Office of Germany, Czech Statistical Office, State Statistical Office of the Republic of Macedonia (2010-2011)
- "*European Employment Observatory*", engaged as sub –consultant, employment and labor market specialist, GHK consultancy group, Birmingham, UK

**Дел од монографија објавена во странство**

- "Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, ISBN: 978-953-51-0100-0
- "Self-employment in Europe –Republic of Macedonia" (national review), in: "*Self-employment in Europe*", European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISSN 1725-5376, July 2010
- "Youth Employment Measures – Former Yugoslav Republic of Macedonia (national article)", in: European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISBN 978-92-79-19354-5, October 2010

**Трудови со оригинални резултати, објавени во научно/стручно списание**

- Kjosev, Sasho and Pece Nedanovski (2008): "**Health Care System in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VI, No. 11, November 2008, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania
- Kjosev, Sasho (2009): "**Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives",** The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**

- Kjosev, Sasho (2008): "**Planning for the future – experiences of some of the SEE countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), with special reference to the Republic of Macedonia**", in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008

**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**

- Kjosev, Sasho (2009): "Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?", in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009
- Petrevska, Biljana and Sasho Kjosev (2012): "Planning and estimating tourism demand – the case of Macedonia", in the Proceedings of the International Conference: "*Contemporary tourism – wishes and opportunities*", organized by the College of tourism, Belgrade, Republic of Serbia, 22-24.03.2012
- Kjosev, Sasho (2013): "Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013
- Temenugova-Gradiska, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies", in the Proceedings of the 9th International Conference of ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", organized by the Faculty of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, 30-31.05.2013

Во понатамошниот дел од извештајов ќе дадеме осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот д-р Сашо Ќосев, објавени по изборот на кандидатот во звањето вонреден професор во 2008 година, на Економскиот факултет во Скопје.

1. **Економско планирање,** универзитетски учебник, Економски факултет, Скопје, 2010, стр. 404.

Учебникот беше позитивно рецензиран при неговото објавување и затоа Комисијата, во оваа прилика, се осврнува само накратко. Материјата што е презентирана во трудот е систематизирана во следниве пет дела:

Предговор
Вовед
Прв дел Теоретски пристап кон економското планирање
Втор дел Процес на изработка на стратегија за економски развој

Трет дел Современи тенденции на економското планирање
Четврти дел Методолошки основи на економското планирање
Литература

Содржината на учебникот во целост е во согласност со усвоената предметна програма по предметот економско планирање на департманот економија. Нивото на обработка на материјата е во согласност со барањата на наставата и е прифатливо за студентите. Материјата е адекватно структурирана, организирана и логички секвенционирана што го прави учебникот прегледен и лесен за употреба и комуникација. Во трудот се вградени теоретските сознанија и наставното искуство на авторот во соодветната област. Во подготвувањето на учебникот авторот користел обемна понова литература од домашни и странски извори. Авторот направил обид да доближи одделни сегменти на трудот до актуелната економска реалност во земјава. Во однос на претходното издание на учебникот, направени се целосни и сеопфатни промени. Притоа потребно е да се потенцира фактот дека е остварен значаен придонес во иновирањето на содржината, особено со поопстојното вклучување на делот во кој се објаснува процесот на изработка на стратегија за економски развој (како најзначаен вид на макроекономски плански документ кој се изработува и применува во современите економии во светот), како и делот за методолошки основи на економско планирање, во кој посебно внимание се посветува на промените на новата публикација СНС 2008, како и значително проширување на материјата која се однесува на макроекономските модели како методолошка основа на макроекономската анализа и планирање. Врз основа на сите тие карактеристики, текстот на учебникот ги исполнува потребните барања за современ учебник по економско планирање.

2. **Аграрна политика**, интерна скрипта од предавања, Економски факултет, Скопје, 2011.

Интерната скрипта од предавањата беше позитивно рецензирана при објавувањето и затоа Комисијата, во оваа прилика, се осврнува само накратко. Материјата што е презентирана во трудот е систематизирана во следниве седум дела:

Предговор
Прв дел Теоретско-методолошки пристап кон земјоделството
Втор дел Специфи:ности на земјоделството и основни економски концепти
Трет дел Аграрна политика
Четврт дел Либерализација на трговијата со земјоделски производи
Петти дел Аграрната политика на ЕУ и САД
Шести дел Рурален развој
Седми дел Аграрната политика на Република Македонија
Литература

Содржината, карактерот и опфатот на учебното помагало (скрипта) „Аграрна политика" од авторот проф. д-р Сашо Косев е усогласено со усвоената наставна програма по предметот аграрна политика. Секако, вреден за споменување е и фактот дека трудот, исто така, претставува вредна и корисна литература за поширок круг на корисници кои во практиката се преокупирани со проблемите на управувањето со економскиот развој во областа на земјоделството во Република Македонија. На тој начин, трудот претставува збогатување на литературата од оваа област во Република Македонија.

Тоа што го подобрува квалитетот на овој труд е и фактот што на крајот на секој дел авторот поставува прашања за разговор и контрола на знаењето, што го прави овој труд побогат, па и мошне применлив за самата практика на примена на аграрната политика.

Солидната систематизација на материјата, како и разбирливиот стил на објаснување на проблематиката, ќе му овозможат на читателот постапно и без особени проблеми да навлезе во, инаку, мошне сложената проблематика на аграрната политика. Со задоволство може да се констатира дека според успешно конципираната содржина и според пристапот кон третирањето на проучуваната материја, авторот го приближил

ракописот до содржината на книгите од оваа проблематика што се објавуваат во земјите со развиена пазарна економија.

3. Temenugova-Gradishka, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "**The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies**", во Зборникот на трудови (во печат) од 9-та Меѓународна конференција на ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", организирана од страна на Економскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 30-31.5.2013.

Глобалната економска и финансиска криза е се уште жива, па следствено и владите во светот се уште не завршиле со своите интервенционистички мерки во напорите за нејзино надминување. Всушност, кризата ја менува својата физиономија. Во нејзиниот опис придавките постојано се менуваат: од финансиска, преку реална, економска, суверена до системска, но именката останува непроменета, т.е. "криза".

Настанувањето на кризата и анемичните перформанси на развиените земји повторно ја наметнаа дилемата за постоењето на т.н. "мешани економии". Искуствата од историјата водат до заклучокот дека современите економии не можат да бидат оставени само на пазарниот механизам, туку тие треба да постојат како симбиоза од пазарот и државната интервенција (планирање, државна регулација и економска политика). Оттука, овој труд прави напор да покаже дека "мешаните економии" се можни и посакувани за тековната економска реалност. Следствено, еволуцијата на мешаните економии, промените на капитализмот, остварувањата на пазарот и карактеристиките на модерното макроекономско планирање (прикажано преку случаите на Шведска, Кина и Малезија) се главни прашања презентирани во овој труд.

4. "**Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?**", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013.

Авторот ја поддржува идејата дека со "оживување" на макроекономското (индикативно) планирање во светот може да се очекува успешна комбинација на "невидливата рака" на пазарот и "видливата рака" на државата, со што ќе се придонесе кон порационална употреба на производните фактори и подинамичен развој на националните економии.

Без намера да се обезбедат комплетни одговори, овој труд ги презентира искуствата на полето на планирање на иднината (институционални аспекти) во некои земји-членки на ЕУ и се обидува да дефинира некои основни препораки за примена на системот на макроекономско индикативно планирање во Република Македонија.

5. "**Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis**", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, ISBN: 978-953-51-0100-0, 2011.

Самитот во Рио го постави одржливиот развој како водечки принцип и визија за развојните напори на сите земји во светот. По Самитот, сите влади преземаа активности за изработка и примена на национални стратегии за одржлив развој, кои треба да обезбедат општествено одговорен економски развој, истовремено заштитувајќи ја суровинската база и животната средина во полза на идните генерации. Едноставно кажано, одржливиот развој значи **интегрирање на економските, социјалните и еколошките цели на општеството**, со цел максимизирање на благосостојбата на луѓето

денес без притоа да се намали способноста на идните генерации за задоволување на нивните потреби.

Сепак, со цел подобро да се разбере концептот на одржлив развој, треба да се изработи и примени соодветен методолошки инструмент. Напоредно со воведувањето на концептот на одржлив развој, Системот на национални сметки 1993 ја воведе матрицата на општествени сметки (а подоцна се изработија и нејзините проширувања - пристапите SESAME и NAMEA) како методолошка основа за анализа на одржливиот развој.

Оттука, овој труд најпрвин ги прикажува теоретските основи на матрицата на општествени сметки и нејзините проширувања (SESAME и NAMEA), а потоа ги прикажува можностите за нивна примена во Република Македонија.

6. **"Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?"**, in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009.

Борбата против рецесијата е дневна обврска, но истовремено е од голема важност да се препознаат основните причини за кризата и да се стави акцент на значајна реформа на глобалниот систем на управување со економијата. Оттука, според авторот д-р Сашо Ќосев, само со повторно навраќање на практиката на примена на макроекономско индикативно планирање во светот може да се очекува успешна комбинација на „невидливата рака на пазарот" и „видливата рака на државата" може да се обезбеди порационална употреба на производните фактори и подинамичен економски развој на националната економија.

7. **"Planning for the future – experiences of some of the SEE countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), with special reference to the Republic of Macedonia"**, in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008.

На почетокот на 21 век, ЕУ прими во членство 12 нови земји-членки: Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Словенија, Литванија, Естонија, Латвија, Кипар, Малта, Бугарија и Романија. Различноста е заедничка карактеристика на оваа група. Во неа се присутни земји од северот и југот, каде што големите земји имаат исти права и обврски како и малите земји. Фактот дека овие земји станаа членки на ЕУ ја потенцира нивната заедничка иднина и заедничка судбина. Како некои од овие 12 нови земји-членки ја планираат својата иднина? Какви институционални и методолошки основи имаат кога преземаат активности за планирање на својата иднина, со цел да бидат подобро подготвени за идните предизвици?

Општо земено, сите овие земји следат иста рутина кога станува збор за институционалната поставеност: „играч" од јавниот сектор (департман под раководство на Премиерот или најважно Министерство), „играч" од академската сфера (истражувачки инсститут во рамки на Академијата на науки или најзначајниот универзитет), и, доколку тоа е соодветно, „играч" од приватниот сектор (регионални или независни организации). Од аспект на методолошката основа, повеќе или помалку, тие употребуваат и применуваат инпут-аутпут анализа, систем на национални сметки и матрици на општествени сметки и макроекономски модели.

8. **"Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives"**, The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania

На Република Македонија ѝ е потребна рамнотежа помеѓу економскиот развој, социјалната праведност и заштитата на животната средина. Основната причина за ова лежи во намалувањето на извозната конкурентност на аграрниот сектор во Република Македонија. Оваа негативна тенденција доведува до губење на извозните пазари и голем

притисок наметнат од страна на странските производители на храна. Познат е фактот дека Македонија има силни компаративни предности на полето на производството на храна. Овие компаративни предности треба да се поддржани со зајакнување на конкурентските предности, со што ќе се овозможи подинамичен извоз на висококвалитетни земјоделски производи од Република Македонија.

## IV. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во последните пет години, кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев, покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, активен е и на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

По неговиот избор за вонреден професор, кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев реализирал едномесечен студиски престој (1-31.1.2013 година) на Универзитетот Масарик во Брно, Чешка Република, на Факултетот за економија и администрација, во рамките на Програмата JoinEU-SEE III mobility scheme.

Во продолжение даваме преглед на некои активности кои кандидатот ги извршувал во периодот по изборот во звањето вонреден професор, а кои спаѓаат во дејности од поширок интерес:

- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU* ", Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 4-5.4.2013;
- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*The Significance of Endogenous Factors and Knowledge in Business*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.3.2010;
- член на програмскиот одбор на меѓународната научна конференција: "*Management under Global Recession*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.3.2009 ;
- член на Универзитетската комисија за наука (2009-2012) ;
- член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2009-2012) ;
- член на Комисијата за оцена на студентите по пат на самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје (2009-2011) ;
- член на Комисија за изработка на преглед на студиски престои во странство на наставниците и соработниците на Економскиот факултет во Скопје (2009-2012) ;
- член на Комисија за спроведување јавни тендери на Економскиот факултет во Скопје (2009-2013) ;
- член на Комисија за располагање со движни и недвижни ствари на Економскиот факултет во Скопје (2012-2016) ;
- ЕРАЗМУС координатор за мобилност на Економскиот факултет во Скопје, 2009–;
- директор на Центарот за економски истражувања на Економскиот факултет во Скопје (ноември 2009 – јуни 2012) ;
- член на тимот за економски развој на градоначалникот на град Скопје;
- член на Друштвото за статистичари на Република Македонија;
- член на Сојузот на економисти на Република Македонија.

Во сите ангажмани кандидатот Ќосев покажа исклучителна сериозност, совесност и исполнителност на обврските кон Факултетот.

Во прилог на Реферетот за избор на наставник по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки доставен е и пополнетиот Анекс бр.2 - Образец кон Извештајот за избор во наставно-научни и

соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Последните пет години, колку што поминале од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Сашо Ќосев ги исполнил со интензивна работа од која произлегле забележителни резултати. На полето на образовниот процес на Факултетот, кандидатот особено се истакнува со совесно, редовно и одговорно извршување на задачите, пред сѐ со квалитетно извршување на наставата, со непосредна соработка и помош на студентите во совладувањето на наставната материја и воопшто со неговиот сериозен однос кон работата.

Комисијата посебно ја истакнува оцената дека д-р Сашо Ќосев направил видни чекори и постигнал забележителни успеси во целокупната негова наставна и научна дејност. За тоа сведочи фактот дека кандидатот во наведениот период објавил учебник од предметот *економско планирање* и интерна скрипта од предавањата по предметот *аграрна политика*. Исто така, бројните објавени трудови на меѓународни и домашни конференции и учеството во домашни и меѓународни научни проекти го претставуваат д-р Сашо Ќосев како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач на полето на економското планирање.

Покрај тоа, кандидатот д-р Сашо Ќосев успешно е вклучен во задачи што ги добива од органите на Факултетот, а кои произлегуваат од сложеното работење и функционирање на Факултетот во современите услови на зголемена конкуренција.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата е наполно уверена дека кандидатот д-р Сашо Ќосев, со својата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и публицистичката активност, стручните и научните квалитети и изразените морални квалитети се претставува како сериозен, солиден и високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на полињата на економското планирање, аграрната политика и општественото богатство и националните сметки.

За сите наведени активности сведочи и високиот број на вкупни поени што кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев ги има остварено (172,1), а кои се дадени во Анекс 2 во прилог на овој Извештај, и тоа по основ на наставно-образовна дејност (91,9), научно-истражувачка дејност (66,7) и стручно-апликативна дејност (13,5).

Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" воСкопје, Комисијата, Рецензентската комисија, со целосна увереност и со особено задоволство, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере кандидатот проф. д-р Сашо Ќосев **за редовен професор по предметите економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки**.

Скопје, 28.6.2013 год.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Акад. д-р Гоце Петрески, с.р.

2. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

3. Проф. д-р Методија Стојков, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Сашо Александар Ќосев**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Економски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: економски науки, економско планирање, аграрна политика, општествено богатство и национални сметки**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава на прв циклус студии по предметите:<br>- Економско планирање (6*15*0,04*5 години = 18)<br>- Аграрна политика (4*15*0,04*5 години = 12)<br>- Општествено богатство и национални сметки (4*15*0,04*4 години = 9,6)<br>- Економско планирање – дисперзирани студии Струга (6*15*0,04*2 години = 7,2)<br>- Аграрна политика – дисперзирани студии Струга (4*15*0,04*2 години = 4,8) | 51,6 |
| 2 | Консултации со студенти:<br>- Економско планирање (100*0,002*5 = 1)<br>- Аграрна политика (150*0,002*5 = 1,5)<br>- Општествено богатство и национални сметки (50*0,002*4 = 0,4)<br>- Економско планирање – дисперзирани студии Струга (50*0,002*2 = 0,2)<br>- Аграрна политика – дисперзирани студии Струга (50*0,002*2 = 0,2) | 3,3 |
| 3 | Ментор на дипломска работа (100 * 0,2) | 20 |
| 4 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (10*0,5) | 5 |
| 5 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (Економско планирање, 2010, автор) (1*8 = 8) | 8 |
| 6 | Интерна скрипта од предавања (Аграрна политика, 2011, 1*4 = 4) | 4 |
| | **Вкупно** | 91,9 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација (3*3 = 9) | 9 |
| 2 | Раководител на национален научен проект<br>- Студија за можноста и оправданоста за основање банка како правно лице, за вршење на банкарски активности (проект финансиран од ЗЕЛС за сопствени потреби), 2012-2013 | 6 |
| 3 | Учесник во национален научен проект | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - "Имплементација и ратификација на Протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетеборшкиот протокол – Национален план за редукција на емисии", Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје, 2011/2012 | |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект (2*5 = 10)<br>- "*Technical Assistance to the State Statistical Office*", Implementing consortium: ASA Institut für Sektoranalyse und Politikberatung GmbH, Federal Statistics Office of Germany, Czech Statistical Office, State Statistical Office of the Republic of Macedonia (2010-2011)<br>- "*European Employment Observatory*", engaged as sub – consultant, employment and labour market specialist, GHK consultancy group, Birmingham, UK | 10 |
| 5 | Дел од монографија објавена во странство (3*6 = 18):<br>- "Social Accounting Matrix – Methodological Basis for Sustainable Development Analysis", in: Chaouki Ghenai (Ed.): *Sustainable Development - Policy and Urban Development - Tourism, Life Science, Management and Environment*, 2012, ISBN: 978-953-51-0100-0, Available from: http://www.intechopen.com/articles/show/title/social-accounting-matrix-methodological-basis-for-sustainable-development-analysis<br>"Self-employment in Europe –Republic of Macedonia" (national article), in: "*Self-employment in Europe*", European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISSN 1725-5376, July 2010, available at: http://www.eu-employment-observatory.net/resources/reviews/NationalArticles/FYROM-SERvw2010.pdf<br>- "Youth Employment Measures – Former Yugoslav Republic of Macedonia (national article)", in: European Employment Observatory Review, Luxembourg: Publications Office of the European Union, ISBN 978-92-79-19354-5, October 2010, available at: http://www.eu-employment-observatory.net/resources/reviews/NationalArticles/FYROM-YMRvw2010.pdf | 18 |
| 6 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание<br>- Kjosev, Sasho and Pece Nedanovski (2008): "**Health Care System in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives**", The Young Economists Journal, Year VI, No. 11, November 2008, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania (0,90*4 = 3,6)<br>- Kjosev, Sasho (2009): "**Agricultural Sector in the Republic of Macedonia – Current Situation and Development Perspectives"**, The Young Economists Journal, Year VII, No. 12, April 2009, Faculty of Economy and Business Administration, University of Craiova, Craiova, Romania (1*4 = 4) | 7,6 |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (1*2 = 2)<br>- Kjosev, Sasho (2008): "**Planning for the Future – Experiences** | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **of Some of the SEE Countries (Hungary, Czech Republic, Slovenia, Bulgaria), With Special Reference to the Republic of Macedonia**", in the Proceedings of the International Conference: "*Perspectives of sustainable economic growth in the countries of SEE*", organized by the ECOSTAT Government Institute for Strategic Research of Economy and Society, in Budapest, Hungary, 06-08.11.2008 | |
| 8 | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (2*3 + 1*2,7 + 1*2,4)<br>- Kjosev, Sasho (2009): "Economic Planning for the Future – a Way out of the Global Recession?", in the Proceedings of the International Conference: "*Economic Policy and Global Recession*", organized by the Faculty of Economics in Belgrade, Belgrade, Republic of Serbia, 24-27.09.2009<br>- Petrevska, Biljana and Sasho Kjosev (2012): "Planning and estimating tourism demand – the case of Macedonia", in the Proceedings of the International Conference: "*Contemporary tourism – wishes and opportunities*", organized by the College of tourism, Belgrade, Republic of Serbia, 22-24.03.2012<br>- Kjosev, Sasho (2013): "Planning the Future (Institutional Aspects) – Possible Solution for the Contemporary Crisis?", in the Proceedings of the International Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU*", organized by the Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013<br>- Temenugova-Gradiska, Olga, Kjosev, Sasho and Daniela Mamucevska (2013): "The market and the plan – an amalgam for solution of the crisis of contemporary economies", in the Proceedings of the 9th International Conference of ASECU: "*Systemic economic crisis – current issues and perspectives*", organized by the Faculty of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, 30-31.05.2013 | 11,1 |
| | | **Вкупно** | 66,7 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен /стручен собир (3*1 = 3)<br>- International Scientific Conference: "*Globalisation Challenges and the social-economic environment of the EU* ", Faculty of Business and Management and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 04-05.04.2013 (Programme Committee Member)<br>- International Scientific Conference: "*The Significance of Endogenous Factors and Knowledge in Business*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.03.2010 (Programme Committee Member)<br>- International Scientific Conference: "*Management under Global Recession*", School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 26.03.2009 (Programme Committee Member) | 3 |
| 2 | Студиски престои во странство<br>- до три месеци (1*0,5 = 0,5)<br>Masaryk University, Faculty of Economics and Business Administration, 01-31.01.2013, Brno, Czech Republic | 0,5 |
| 3 | Член на Универзитетска комисија<br>- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Комисија за наука (2009-2012) | 1 |
| 4 | Член на факултетска комисија (6*0,5 = 3)<br>- член на Комисија за самоевалуација (2009-2012)<br>- член на Комисија за оценка на студентите по пат на анкета (2009-2011)<br>- член на Комисија за изработка на преглед на студиски престои во странство на наставниците и соработниците (2009-2012)<br>- член на Комисија за спроведување јавни тендери (2009-2013)<br>- член на Комисија за располагање со движни и недвижни ствари (2012-2016)<br>- ЕРАЗМУС Координатор за мобилност (2009- ) | 3 |
| 5 | Раководител на внатрешна организациона единица<br>- директор на Центарот за економски истражувања (ноември 2009 – јуни 2012) | 3 |
| 6 | Учество во комисии и тела на државни и други органи (3*1 = 3)<br>- член на тимот за економски развој на Градоначалникот | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | на град Скопје<br>- член на Друштвото за статистичари на Република Македонија<br>- член на Сојузот на економисти на Република Македонија | |
| | | |
| | | 13,5 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 13,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **91,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **66,7** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **13,5** |
| **Вкупно** | **172,1** |

**Скопје, 28.6.2013 год.**

**Членови на Комисијата:**

1. Акад. д-р Гоце Петрески, с.р.

2. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.

3. Проф. д-р Методија Стојков, с.р.

Бр. 02-824/10
10.9.2013 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), Универзитетскиот сенат, на 12. седница одржана на 10.9.2013 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Сашо Ќосев,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Економски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски факултет - Скопје, по предметите: *економско планирање, аграрна политика* и *општествено богатство и национални сметки.*

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

ДН:
- Економски факултет - Скопје
- Проф. д-р Сашо Ќосев

мм/ед

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-1289/55
Дата. 03.07 2018 година

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно писменото известување на Ректоратот бр.02-630/15 од 29.5.2018 година, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 21.6.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Се констатира дека лицето д-р Сашо Ќосев избран со одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-824/11 од 10.9.2013 година во наставно-научно звање редовен професор, во научната област по економски науки, по предметите: економско планирање, аграрна политика и општествено богатство и национални сметки, заснова работен однос на неопределно време, и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Согласно член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), Редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, заснoваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Врз основа на оваа одлука ќе се изготви посебен договор за вработување на неопределно време со кој ќе се регулираат правата и обврските помеѓу договорните страни.

Оваа одлука да се достави до:
- Проф. д-р Сашо Ќосев
- Архива
- Персонално досие

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски**

Изработил:Д.К